Апекс травел

# ПРАГА, КАРЛОВИ ВАРИ И ВИЕНА





**ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ:**

**01.ден СКОПЈЕ - ПРАГА**
Состанок на групата на паркингот спроти “Holiday Inn” во 12:30 часот. Поаѓање за Прага во 13:00 ч. Патот води преку граничниот премин Табановце и Србија. Ноќно возење со попатни одмори.

**02.ден ПРАГА**
Пристигнување во Прага околу пладне. Панорамски разглед на градот со стручен локален водич: Старо место: Карловиот мост, плоштадот на Малтешките витези, споменикот на Карло IV, Кралскиот пат, Еврејскиот кварт, Париската улица, Староградскиот плоштад со познатиот астрономски часовник - Орлој, градската куќа, Тунската црква, споменикот на Јан Хус, куќата на Франц Кафка, Прашката кула, Универзитетот на Карло IV, Националниот музеј, Горниот град: Дворецот Храдчани, Катедралата Св. Вито, Златната улица.... Сместување во хотел. Слободно време за индивидуални активности. Ноќевање.

**03.ден ПРАГА - КОНОПИШТЕ**
Појадок. Слободен ден за индивидуални прошетки или можност за факултативен излет до Дворецот Конопиште, изграден во 13 век, во кој се чуваат прекрасни уметнички збирки од готиката, ренесансата и барокот. Вечерта можност за факултативно крстарење во В’лтава. Ноќевање.

**04.ден ПРАГА - КАРЛОВИ ВАРИ**
Појадок. Слободно попладне или факултативна посета на Карлови Вари - најпознатиот бањски центар во Чешка, популарно одмаралиште на европската аристократија и културната елита од 19 век. Можност за посета а еден од 12-те извори, прошетка покрај неоренесансните колонади, паркови, кафеани и Беќеровка. Вечерта факултативна посета на Чешка пивница. Ноќевање.

**05.ден ПРАГА - ВИЕНА- СКОПЈЕ**
Појадок. По појадокот одјавување од хотелот и заминување на групата за Виена. Пристигнување во Виена околу пладне. Панорамски разглед на градот: плоштадот Рингштрасе, Операта, Парламентот, Музејот на современа уметност, Градската палата, Универзитетот, палатата Белведере, црквата Вотив... Тргнување кон Скопје во попладневните часови.  Ноќно возење  со куси попатни паузи за одмор и царински формалности. Пристигнување во Скопје наредниот ден во утринските часови.

## Цена на аранжманот: 175 € (10.850,00 мкд)
## Термин: 23.мај

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Превоз со туристички автобус на наведената релација

- Сместување во хотел *** на база 3 ноќевања со појадок

- Разглед на Прага со локален водич

- Организирана посета на Виена

- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:**

- Карти за јавен превоз

- Факултативна посета на Карлови Вари (25 €)

- Факултативна посета на Дворецот Конопиште (25 €)

- Факултативно крстарење по Влтава (15 €)

- Факултативна посета на Чешка пивница (25 €)

- Влезници за музеите и културно - историските споменици

- Туристичко, патничко осигурување

**НАПОМЕНИ:**

***** Цените на влезниците може да бидат променливи во зависност од цената на локалитетите во моментот *****

- <u>Организаторот го задржува правото на промена на редоследот на активностите во програмата</u>
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 45 патници

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58  м: ++ 389 75 46 99 58;  ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com    www.apex4travel.mk
Лиценца А